# Водич низ новините на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР)

http://www.ogledalonavladata.mk/

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во рамките на проектот „Огледало на Владата“, од 2012 г. го следи Единствениот национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР). Преку објавување редовни, неделни и месечни прегледи и квартални извештаи јавноста се информира за функционирањето на ЕНЕР. Во неделните прегледи се презентираат новите предлог-закони поставени на ЕНЕР. На месечно ниво се објавуваат резултатите за почитувањето на минималните рокови за достапност на предлог-законите за коментирање од страна на јавноста, додека квартално се публикуваат детални извештаи во кои се следат практиките за објавување документи поврзани со објавените предлог-закони, бројот на коменатри од страна на корисниците и др.

На 25 декември 2014 г. е пуштен во употреба новиот ЕНЕР, на кој покрај новиот дизајн, е направено и техничко и содржинско унапредување.

Целта на овој водич е информирање на јавноста за главните новини кои се направени на ЕНЕР (www.ener.gov.mk).

Водичот е подготвен во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција, финансиран преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Програмата ја спроведува МЦМС.

# Значење на термините

**ЕНЕР** – Единствен национален електронски регистар на прописи

**ПВР** – процена на влијанието на регулативата

**Известување** - известување за почетокот на процесот и подготовка на предлогот на закон

**Нацрт-извештај за ПВР** – прва верзија на извештајот за процена на влијанието на регулативата која што е поставена за коментирање од страна на јавноста

**Нацрт-закон** - прва верзија на предлог-пропис којашто е поставена за коментирање од страна на јавноста

**Предлог-извештај за ПВР** - втора верзија на извештајот кој е испратен на седница на Владата за утврдување, односно извештај утврден од страна на Владата

**Предлог-закон** – втора верзија на предлог-пропис којашто е испратена на седница на Владата за утврдување, односно предлог закон утврден од страна на Владата

# Новини на ЕНЕР

## Еден закон – една папка

Една од главните измени во функционалноста на ЕНЕР е лесното следење на сите измени поврзани со историјата на еден закон од неговото поставување на платформата ЕНЕР. Претходно, секоја измена или дополнување на одреден предлог -закон беше во посебна папка, со што беше тешко следењето на сите измени кои ги претрпел одреден закон. Дополнително се случуваше и документи поврзани со една иста измена на предлог-закон да бидат поставени на различни места, па така на пример на едно место можеше да се најде Известувањето за ПВР и нацрт-законот, а на друго место предлог-законот којшто е утврден на седница на Владата.
Со новото решение сите документи поврзани со еден закон се поставени во една папка. Сега, во истата папка постои можност да се постави и консолидиран текст на законот.

Слика 1. Визуелно решение за преглед на сите документи поврзани со Законот за архивскиот материјал

| | | |
|---|---|---|
| 05/05/2015 | Закон за архивски материјал | |
| 05/05/2015 | Закон за архивски материјал - консолидиран текст | Повеќе |
| 20/01/2015 | Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал | Повеќе |
| 18/06/2013 | УРЕДБА ЗА КАНЦЕЛАРИСКО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ | Повеќе |
| 22/03/2013 | Закон за архивски материјал | Повеќе |
| 14/05/2012 | ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ | Повеќе |

На сликата 1 е даден пример како изгледа папката за Законот за архивски материјал. Во конкретниот случај доколку се разгледаат сите документи, лесно се доаѓа до информација дека прв пат во 2012 г. на ЕНЕР е поставен предлог-законот за консултации. Потоа, во 2013 г. за консултации беше поставена и Уредбата за канцелариско и архивско работење, којашто е подзаконски акт поврзан со овој закон. И на крајот, во 2015 г. за консулстации со јавноста е поставен предлог-законот за изменување и дополнување на законот.

## Автоматизирани минимални рокови за консултации

Согласно со Методологијата за процена на влијанието на регулативата (Сл. весник бр. 107/2013[1]), пропишани се два минимални рокови коишто треба да се почитуваат од страна на институциите при консултирање на јавноста:

1. Минимум 5 дена од поставување на Известувањето за почетокот на процесот на подготовка на предлог-законот до објавување на нацрт–законот[2];
2. Минимум 10 дена период за коментирање на нацрт-законот.[3]

Со измените на ЕНЕР овие два рокови се автоматизирани. Со автоматизирање на почитувањето на минималниот период од пет дена од објавувањето[4] на Известувањето до објавувањето на нацрт-законот, се избегнува една од клучните слабости на досегашниот систем. Со ова на корисникот му се дава можност и формално да се вклучи во процесот на подготовка на предлог-законот во фазата на ПВР.

[1] http://www.ogledalonavladata.mk/images/docs/propisi/13-metodologija-za-procenka-na-vlijanieto-na-regulativata.pdf
[2] Глава 2, точка 2.2 од Методологијата запроцена на влијанието на регулативата (Сл. весник бр. 107/2013)
[3] Глава 3, точка 3.2од Методологијата за процена на влијанието на регулативата (Сл. весник бр. 107/2013)
[4] Во 2014 г. кај 47 % предлог-закони не е испочитуван минималниот рок од 10 дена за консултации на ЕНЕР. (Огледало на Владата: Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони, 2014)

# Новини на ЕНЕР

Минималниот периодот за консултации на нацрт-закон исто така е автоматски наместен на пропишаниот минимум од 10 дена.

## Бројчаник: Преостанато време за коментирање

Еден од најголемите предизвици за ЕНЕР беше непостоењето информација во кој период одреден нацрт-закон е отворен за коментирање. Со ова не можеше да се следи дали коментарите кои одреден субјект ќе ги достави се дадени во рокот во кој може да се коментира или коментарот е даден и по веќе усвоен закон. Сега, со воведувањето на бројчаникот кој покажува број на преостанати денови за коментирање, овој недостаток е надминат. Пристапот до формата за коментирање и следење на достапниот период за консултации е можен на најмалку два начини. Прво, за секој регистриран корисник на ЕНЕР видлив е табеларен преглед на последните десет објавени предлог-закони, каде што исто така има информација за преостанатото време за консултации (слика 2).
Второ, секое заинтересирано лице кога пристапува до папката на соодветниот предлог-закон може да го види преостанатото време и да остави свој коментар (слика 3).

**Слика 2. Пример за статусот на предлог-закон за преостанато време за коментирање**



Бројчаникот почнува да одбројува од моментот на поставување на нацрт-извештајот за ПВР и нацрт-законот на ЕНЕР и тој не може да биде пократок од минималниот рок за консултации од 10 дена.

По завршувањето на периодот за коментирање, корисникот ја гледа пораката со следната содржина: „*Времето за коментар е истечено*“. Во папката за предлог-законите за коишто е започнат консултативен процес, преку поставување на известувањето и нацрт-законот е во фазата на ПВР, нема никаква порака. На сликата 2 се прикажани примери како изгледаат можните статуси во колоната „*Преостанато време за коментирање*“.

Слика 3. Пример на предлог-закон поставен на ЕНЕР за кој времето за коментари е истечено




Информацијата за преостанато време за консултации за нацрт-закон корисникот ја гледа и под копчето којшто води кон формата за коментирање, како што е прикажано на сликата бр. 3.

Корисникот и по завршување на периодот за консултации може да остава коментари. Можноста за давање коментари по истекот на периодот за консултации на министерството надлежно за спроведување на законот му дава можност да го земе предвид при оценка на спроведувањето на законот.

## Планови за ПВР

Новината на ЕНЕР е и објавувањето на плановите за ПВР за сите планирани закони на сите министерства утврдени со Годишниот план за спроведување на ПВР, којшто се подготвува паралелно со подготвувањето на предлог-иницијативите за Годишната програма за работата на Владата. Ова е добра можност за обезбедување подобра транспарентност во работењето и процесот на подготовка на прописите во министерствата бидејќи целта на Годишниот план за спроведување на ПВР е да даде преглед на потребните активности и динамиката за спроведување на ПВР за сите планирани предлог-закони и да обезбеди навремена информација за засегнатите страни за нивно навремено вклучување во процесот.

# Новини на ЕНЕР

Тие треба и да се ажурираат во зависност од ажурирањето на Годишната програма за работата на Владата и ажурираните верзии исто така да се објавуваат во рок од 15 дена по усвојувањето на ажурираната верзија на Годишната програма за работата на Владата.

## Вести

Дополнителна новина на ЕНЕР е и делот за објавување вести. Во моментот се објавуваат само вести за започнување на процесот на подготовка на предлог-закони, автоматски, кога за некој предлог-закон ќе се објави известувањето.

**Огледало на влада на ЕНЕР**

Во посебен дел од сајтот „Соработка", се објавуваат резултатите од следењето на вклучувањето на јавноста во раната фаза на подготовка на законите.

## Автоматско објавување коментари

Со воведувањето автоматско објавување коментари по истекот на предвидениот рок за преглед од страна на одговорното лице, корисниците се мотивирани да поставуваат коментари на ЕНЕР. Со ваквиот пристап отстранета е можноста за одолговлекување или не објавување на дадениот коментар од страна на корисникот. Имено, доколку оставениот коментар не е прегледан од страна на одговорното лице, коментарот ќе биде објавен автоматски.

# Македонски центар за меѓународна соработка

## Водич низ новините на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР)

**Автор:** Марија Саздевски, соработник на проекти во МЦМС
**Графички дизајн:** Магдалена Панева, волонтер во МЦМС

адреса: ул. „Никола Парапунов“ 41А,
пошт. фах 55, 1060 Скопје

телефон: +389/2/3065-381;
факс: +389/2/3065-298;

е-пошта:
mcms@mcms.mk

веб-страница:
www.mcms.mk
www.ogledalonavladata.mk

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk и www.ogledalonavladata.mk.

Оваа публикација е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција. Содржината на публикацијата е одговорност на Марија Саздевски од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.